# „Промоција на безбедна училишна средина“

## Заштита на децата од насилство

# Што е насилство?



# Активност: Што е насилство?
(групна дискусија)

| РЕЛАЦИИ | ВИД |
|---|---|
| дете – дете | физичко |
| возрасен – дете | психичко |
| возрасен – возрасен | сексуално |
| | занемарување |
| група – поединец | |
| група – група | |
| сам кон себе | |



# Светска здравствена организација, СЗО (2002)

„Намерно користење физичка сила или моќ, со закана или реална, против самиот себе или други лица, или против група или заедница, чија последица или веројатност за последица е повреда, смрт, психолошка штета, спреченост на развој, или каква било загуба.“



# Светската здравствена организација, СЗО (1999)

„Злоупотреба или малтретирање на дете ги подразбира сите форми на физичко и/или емоционално малтретирање, сексуална злоупотреба, запоставување или несовесно третирање или комерцијална или друг тип експлоатација, што резултира во моментално или потенцијално оштетување на здравјето на детето, опстанокот, развојот или достоинството во контекст на односот кон одговорноста, довербата или моќта“.




- ги вклучува сите форми на насилство врз лица под 18 години, без разлика дали се извршени од родители или други старатели, врсници, романтични партнери или странци.

# Конвенцијата на ОН за правата на детето (1989)

## Заштитата на децата од сите форми на насилство

**Член 19**

Државата ги презема сите законски, административни, социјални и образовни мерки за заштита на детето од сите форми на физичко или ментално насилство, повреда, злоупотреба, занемарување, малтретирање или експлоатација



# Цели за одржлив развој (2015)

16.1 Значително да се намалат сите форми на насилство и стапките на смртност, насекаде

16.2 Да се стави крај на злоупотребата, експлоатацијата, трговијата и на сите форми на насилство и измачување на децата

16.3 Да се промовира владеење на правото на национално и на меѓународно ниво, и да се обезбеди еднаков пристап до правда за сите






# Главни категории насилство врз деца

| Физичка злоупотреба | Сексуална злоупотреба | Емоционална злоупотреба | Занемарување |
|---|---|---|---|
| вистинска или потенцијална **физичка штета** предизвикана од дејство или отсуство на дејство | активност со сексуална содржина чија намера е **задоволување на потребите** на друго лице | постојан **лош емоционален третман** на дете којшто негативно се одразува на неговата слика за себе и развој | необезбедува-ње соодветна **грижа и заштита** на детето |

Видови и знаци на злоупотреба (видео)

Децата најчесто се изложени на насилство од непознати

Децата најчесто се изложени на насилство во домот, потоа во училиштата па во заедницата.

Некои деца *сами си го бараат*.

Децата може да имаат ризично однесување, но жртвата никогаш не е одговорна за насилството врз неа.

Момчињата речиси никогаш не се жртви на сексуално насилство.

Едно на пет девојчиња и едно на 20 момчиња се жртви на сексуално насилство.

# Вистини за насилството 1

Ако им се даде можност за анонимно пријавување децата лажно ќе ги пријавуваат наставниците за да им напакостат.

Ретки се  лажните анонимни пријавувања. Постоењето на процедура на анонимно пријавување ја намалува можноста за неконтролирано анонимно пријавување.

Учениците со насилно однесување потекнуваат од проблематични семејства

Насилството во семејството може да остави трајни последици врз добросостојбата на децата. Доколку не се третира на соодветен начин, насилното однесување може да се пренесува низ генерациите.

Откако се забрани телесното казнување, не постои насилство од страна на наставниците кон учениците.

Постојат многу нефизички форми на казнување коишто се сурови и понижувачки како омаловажување, понижување, заплашување ... како и образовно занемарувње.

# Вистини за насилството 2

# Законска регулатива во однос на насилството врз деца општо и во училиште



# Законите во С. Македонија

## Закони за заштита на деца од насилство

Закон за заштита на деца

Закон за правда на деца

Закон за социјална заштита

Закон за семејство

## Закони во образование

Закон за просветна инспекција

Закон за инспекциски надзор

Закон за основно образование

Закон за средно образование

Програма за советување на ученици во основни училишта и нивните родители/старатели

Упатство за постапување со ученик - жртва

# Упатство на МОН

- *Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување,* 06.07.2020год.



## Упатство на МОН

Училиштето...

- е должно да постапува според Упатството во рок од 1 година откога е донесено, а делот за Интервенција настапува веднаш
- постапува при насилство над ученици, мерки за заштита на жртвата, активности за превенција
- мултисекторски пристап (здравство, образование, социјална заштита, полиција, здруженија на граѓани)
- секој случај е специфичен (контекст, потреби, карактеристики – и во однос на жртвата и во однос на сторителот) и бара специфичен одговор

# Закон за ОО

- **Член 5:** забрана за дискриминација
- **Член 7:** воспитување за различностите и човековите права, подготвување на учениците за одговорен живот во слободно и демократско општество
- **Член 46:** активности со цел унапредување на интеркултурализам и меѓуетничка интеграција
- **Член 48:** здравствената и социјалната заштита на учениците, помош и поддршка на учениците од ранливите категории, грижа за сексуално и репродуктивно здравје
- **Член 49,** став 5: активности во Годишната програма
- **Член 65:** најдобриот интерес на ученикот ... ; се забранува телесно, психичко и сексуално малтретирање и казнување на ученикот и понижувачко постапување и однесување кон него
- **Член 66:** директорот да пријави секој облик на насилство, злоупотреба и занемарување, и да спроведе мерки за заштита на ученикот-жртва

# Закон за СО

## Спречување на насилство врз учениците

- **Член 160**

(1) Директорот на училиштето е должен да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик (булинг), родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во училиштето, до надлежните институции утврдени со закон.

(2) Постапката за пријавување и заштита на ученик - жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување се утврдуваат со подзаконски акт.

(3) Подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член, на предлог на Бирото го донесува министерот.

# Напомени (2)

- се пријавува било кој вид насилство чија жртва или сведок е ученик во училиштето и притоа не е важно каде тоа се случило (во училиште, надвор од него, во дом, на пат кон/од училиште, на било кое друго место)
- се применува кога се случува насилство или кога вработените имаат сознанија или сомнеж дека се случува/се случило, а не се разрешило или кога ученикот заради него трпи негативни последици по здравјето и развојот
- училиштето врз која било основа не смее да ги перпетуира и да ги зацврстува стигмата и предрасудите во ниту една сфера од своето дејствување

## Принципи при спроведување на Упатството

- Најдобар интерес на детето
- Почитување на различностите и забрана за дискриминација
- Почитување на правото за самоопределување
- Учество
- Приватност
- Доверливост
- **Жртвата не е виновна**
- Пропорционалност
- Информираност
- Стручност и одговорност
- Должно внимание
- Забрана за непотизам и корупција

# Видови насилство

Насилство е кога некој намерно повредува друг, а другиот се чувствува непријатно, загрозено или повредено

Има две спротивставени страни: жртва и сторител
Насилството може да биде во форма на **инцидент** (изолиран настан кој нема заднина во претходно насилничко однесување; типично за помали деца) или како **обрасци на насилничко однесување** (траат одредено време – може и со генерации, се повторуваат, повремено еруптираат во инцидент на насилство, се стекнуваат низ социјализација и затоа често не се препознаваат)
**Видови:** физичко, психичко, емоционално, социјално, сексуално и кибернасилство; занемарување или несовесно постапување; повреди или злоупотреба; малтретирање или експлоатација

**3 нивоа на насилство** кои служат како патоказ за одредување мерки при интервенција

**Табела 1 – Прво ниво**

| Физичко насилство | Емоционално/ психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибернасилство |
|---|---|---|---|---|
| - удирање „чврги“,<br>- буткање,<br>- штипење,<br>- гребење,<br>- кубење,<br>- гризење,<br>- сопнување,<br>- шутирање,<br>- валкање,<br>- уништување на предмети. | - исмевање,<br>- омаловажување,<br>- озборување,<br>- навредување,<br>-ословување со погрдни имиња,<br>- пцуење,<br>- имитирање,<br>- „прозивање“. | - дофрлање,<br>- потсмевање,<br>- игнорирање. | - дофрлање,<br>- пцуење,<br>- негативни коментари,<br>- гестикулации со сексуална алузија. | - повремени вознемирувачки повици на телефон,<br>- вознемирувачки СМС, ММС-пораки,<br>- вознемирувачки пораки на социјалните мрежи итн. |

**Табела 2 – Второ ниво**

| Физичко насилство | Емоционално/ психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибернасилство |
|---|---|---|---|---|
| - шлаканици,<br>- удирање,<br>- газење,<br>- кинење на облеката,<br>- затворање,<br>- плукање,<br>- одземање и уништување на сопственост. | - уценување,<br>- закани,<br>- неправедно казнување,<br>- етикетирање,<br>- забрана за комуницирање,<br>- исклучување,<br>- отфрлање,<br>- манипулирање. | - сплеткарење,<br>- игнорирање,<br>- отфрлање,<br>- невклучување,<br>- неприфаќање,<br>- манипулирање,<br>- експлоатација,<br>- исклучување од групата врз дискриминаторска основа,<br>- навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа. | - сексуално допирање,<br>- покажување на порнографски материјал,<br>- покажување на интимните делови на телото,<br>- соблекување. | - огласи,<br>- клипови,<br>- блогови,<br>- злоупотреба на форуми и четувања,<br>- сексуално насилство во видеоигри,<br>- снимање со камера на насилни сцени,<br>- дистрибуирање на приватни снимки и слики без согласност. |

**Табела 3 – Трето ниво**

| Физичко насилство | Емоционално/ психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибернасилство |
|---|---|---|---|---|
| - тепачка, давење, фрлање кои резултираат со сериозни физички последици /укажана помош од лекар,<br>- напад со палка, нож, оружје, кој може да има фатален исход,<br>- предизвикување на изгореници,<br>- забрана на храна и спиење,<br>- изложување на ниски температури. | - застрашување со уцена,<br>- рекетирање,<br>- ограничување на движење,<br>- наведување на користење на психоактивни супстанции (легални или нелегални),<br>- вклучување во секти,<br>- занемарување. | - сериозни закани за животот,<br>- изживување на група над поединец/група,<br>- дискриминација,<br>- организирање на затворени групи (кланови),<br>- навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа. | - заведување од страна на возрасни,<br>- подведување,<br>- злоупотреба на моќта,<br>- наведување,<br>- изнудување и принудување на сексуална активност,<br>- силување,<br>- полов напад врз дете кое не навршило 14 години,<br>- задоволување на полови нагони пред друг,<br>- обљуба со злоупотреба на положбата. | - дистрибуирање или објавување на приватни снимки и слики без согласност,<br>- снимање на вулгарни и насилни сцени кои се масовно дистрибуирани,<br>- прикажување на порнографски материјал,<br>- производство и дистрибуција на порнографски материјал. |

# Превенција од насилство (1)

1. **Статут на училиште** и **Интерен акт** за забрана на насилничко и дикриминаторско однесување:

- начини на однесување, одговорности, надлежности на сите фактори вклучени во училиштето (вработени, ученици, родители/старатели, училишни тела)
- видови насилство, кое однесување е забрането, кои се последиците
- при изготовка да се земе предвид мислењето на сите вклучени во училиштето (ученици, родители/старатели, наставници, стручна служба, училишни тела)
- прилагоден дел разбирлив за ученици
- преведен на јазиците на училиштето
- контакт-лице за пријавување насилство и спроведување на Интерниот акт
- **Интернен акт:**
  - да се објави на веб-страница на училиштето (и Упатството)
  - да се претстави на ученици на класен час од класен раководител на почеток на учебна год.
  - да се ажурира најмалку еднаш во 4 години

# Превенција од насилство (2)

## 2. Зајакнување на капацитетите, улогата и надлежностите на вработените

- градење капацитети во соработка со МОН, БРО, ЛС, ЗГ
- најмалку 2 пати годишно обуки на вработени
- информирање на нов вработен за Упатството веднаш по засновање работен однос и негова доедукација
- внесување во Договор за работа обврски за спречување на насилство и за спроведување на Упатството, како и дека насилство вработен-ученик е основа за отказ

# Превенција од насилство (3)

## 3. Едукација на учениците

- училиштето е должно континуирано да работи на теми како што се различности, човекови права, родова еднаквост, ненасилна комуникација, емпатија, почитување на интегритет и достоинство на другите
- забрането користење материјали кои стимулираат насилно однесување
- најмалку еднаш годишно класните раководители да ги едуцираат децата на класен час
- вклучување активности во Годишната програма
- планирање воннаставни активности
- училишните спортски клубови да имаат едукација и правила на однесување
- Ученичкиот парламент и ученичкото раководство на паралелка да планира и презема активности
- користење материјали од ССО

# Интервенција (1)

Опфаќа прекинување на насилство, заштита, неповторување, промена на однесување на сторител, отстранување на фактори кои довеле до насилство

1. Препознавање и пријавување

- вработените се должни да внимаваат дали се случува и да го препознаваат (можни знаци на насилство: на физички, физиолошки, емоционален план, однесување дома/во училиште)
- **секој е должен** да пријави насилство над ученик или сомнеж за него **каде и да се случи**
- директорот назначува **контакт-лице** за пријавување насилство од редот на стручните соработници и негов **заменик** кој може да е и наставник (објавени во Интерен акт, на веб-страница и видливи места во училиштето)
- училиштето обезбедува: **телефон** и **имејл адреса** (наменета само за пријавување насилство и комуникација во врска со него), **кутија** за (анонимни) пријави во која треба да се ставаат и пофалби/критики (најмалку еднаш неделно контакт-лицето ја проверува), **формулар за анонимна пријава** на насилство на веб-страница
- учениците може да пријават до контакт-лице/заменик, но и до кој било вработен кој потоа го информира контакт-лицето и заедно планираат мерки; вработениот останува сè додека ученикот-жртва има потреба

# Интервенција (2)

## 2. Прекинување на насилството

- начинот зависи од вид на насилство, број на вмешани ученици и нивна возраст
- вработените веднаш мора да го прекинат штом видат или дознаат, а при посериозно насилство, кога не можат вработените сами да го прекинат, веднаш повикуваат полиција
- при насилство од возрасен (вработен/родител/трето лице), вработените повикуваат полиција и/или ЦСР
- сторител-вработен: директорот изрекува привремена мерка отстранување од работа до донесување одлука за отказ (доколку се докаже насилството), а ако насилството е кривично дело – директорот повикува полиција
- при сомневање дека некој ученик е жртва: вработените го информираат контакт-лицето, а тоа потоа зборува со ученикот и/или други лица кои може да имаат сознанија, а се разговара и со родителите, освен кога тоа може да му наштети на детето – пр. кога тие се сторители, се повикува ЦСР, а и секогаш кога се сомневаат дека насилството се случило во домот или надвор од училиштето, а има видливи физички/психички знаци кај ученикот-жртва

# Интервенција (3)

## 3. Смирување на ситуацијата

- при инцидент од Табела 1 без значајни последици и се случува првпат: вработениот кој прекинал, може да ја води фазата и без контакт-лице
- при инцидент од Табела 1 кој се повторува или инцидент од Табела 2 и 3: вработениот задолжително вклучува контакт-лице
- контакт-лицето одредува согласно околностите дали ќе вклучи други вработени или институции (МВР; ЦСР; здравство); нив задолжително ги вклучува при насилство од Табела 3 и за тоа веднаш го информира директорот (освен кога заради итност мора веднаш да повика полиција)
- при вклучување на други институции: контакт-лицето или вработен разговара со децата, освен ако е насилство од Табела 3 кога прво разговараат од институција, па тие од училиштето; понатаму контакт-лицето е во постојан контакт со вклучените институции за усогласување на мерките за смирување, превенција од повторување, заштита на жртвата и информирање за ефектите од нив
- ако институцијата не соработува или не работи во најдобар интерес на детето, училиштето го информира Народниот правобранител/надлежно министерство/инспекторат, а може да побара помош од здруженија кои нудат бесплатна правна помош и работат на спречување и заштита од насилство

# Интервенција (4)

- **клучна цел на фазата:** откривање причини и фактори кои довеле до насилство, кој бил вмешан, колку траело, дали се повторувало, лични карактеристики на жртвата и сторителот, желби и потреби на жртвата, последици по психофизичко здравје на жртвата, односи со родители и дали да се вклучат во донесување мерки за жртвата и сторителот
- се водат одвоени разговори со жртвата, сторителот и сведоците, кои ги води контакт-лицето или вработен на кој се доверила жртвата, а може да се реши да се вклучат и други вработени, но колку помалку вклучени – толку подобро
- при повторени насилства од Табела 1 или оние од Табела 2 и 3: се водат кратки забелешки за време на разговорот, а по него се запишуваат изјавите на сите деца; може при прв разговор да не кажат сè

# Интервенција (5)

4. Заштита од насилство и промена на однесувањето на сторителот

- дејства од Табела 1 кои не се повторуваат: вработен кој го прекинал насилството разговара со жртвата, сторителот, сведоците и ги праќа на советување кај стручна служба по потреба; на пр. сторителот го одвојува во друга клупа по потреба
- дејства од Табела 1 кои се повторуваат и од Табела 2: контакт-лицето изработува писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот и решава дали ќе вклучи во изготовката други вработени или лица од институции/здруженија
- дејства од Табела 3: контакт-лицето задолжително изработува писмен план во соработка со други институции (ЦСР, МВР, здравствена установа)

# Интервенција (6)

- Планот за **жртвата** вклучува:
  - психосоцијална поддршка од психолог и/или друго стручно лице во/надвор од училиштето (тогаш тесно соработуваат училиште и институција/здружение)
  - физичко одделување на жртвата од сторителот
  - мерки за физичко одделување на жртвата

- Мерки за промена на однесувањето на **сторителот**:
  - ако е ***ученик*** – советување со училишен психолог или друго соодветно лице, упатување родители или други членови на семејство на психосоцијално советување во надлежна установа, разговори со родители и други членови на семејство за мерките кои треба да се преземат за промена на однесувањето
  - педагошки мерки кон сторител според член 57 од Закон за ОУ
  - преместување на сторител во друго училиште

# Интервенција (7)

- Мерки за поддршка на **набљудувачите и/или сведоците**:
  - разговор на контакт-лицето или друг вработен со нив, но не во присуство на жртвата или сторителот
  - при дејства од Табела 2 кои се повторуваат или Табела 3: им се нуди психосоцијална поддршка во училиште или надвор од него

*****

Мерките за жртвата секогаш се носат со нејзино вклучување, а за сторителот – се информира каква промена и како да ја постигне, кои се последиците

*****

Родители се вклучуваат во изработка на мерките секогаш кога тоа не е спротивно на најдобриот интерес на детето, а ако не соработуваат – се информира ЦСР; ако има опасност од родителите – се информира полиција, а може и МОН, Народен правобранител, се бара правна помош од Министерство за правда и здруженија на граѓани

# Улогата на училиштето во справување со насилство во училиштата



# Учесници во врсничкото насилство

- **Жртва**

- Немоќ, инфериорност

- **Вршител на насилството**

- Моќ, доминација



# Карактеристики на жртвата

Дискусија....



# Карактеристики на учениците кои вршат насилство

- Дискусија



# Карактеристики на состојбата во училиштето

- добрата училишна клима, односите на меѓусебно почитување и соработка меѓу наставниците, доследното постапување во ситуации на насилство, отсуство на фаворизирање ученици, зачувана автономија во однос на „влијанија од родители, економски и политички притисоци
- добрите односи на наставниците со учениците, соработката и поврзаноста на учениците со училиштето
- постоењето на јасни училишни правила и општото прифаќање на нулта толеранција за насилството како училишна вредност го намалува насилството
- начинот на работа на наставникот на часот, добри вештини за интерактивна настава, пофалби и оценки за труд и знаење, доследен одговор на секој знак на недозволено днесување
- градење заедништво и развивање еднаквост меѓу децата во одделенска настава



# Дискусија

1. Каков е односот на превентивните наспроти репресивните мерки и активности?
2. Зошто репресивните мерки честопати не го решаваат проблемот туку само го потиснуваат или префрлаат?
3. Што може училиштето да направи за да ја поттикне соработката со родителите?
4. Како училиштето може да влијае врз резилиентноста на учениците и во случај на отсуство на соработка со родителите?
5. Колку возрасните се свесни за распростанетоста на сајбер насилството?
6. Што сè влијае на појавата на насилството кај учениците?

# Примери за примена на моделот за справување со насилството во училиштето



- **Микросистем (индивидуално ниво):**

- Индивидуална поддршка: Советување, менторство и услуги за поддршка на учениците кои се изложени на ризик да се вклучат или да бидат жртви на насилство.

- Бихејвиорални интервенции: Спроведување програми за стекнување вештини за решавање конфликти и позитивна

- Односи наставник-ученик: Градење позитивни односи меѓу наставниците и учениците за да се создаде поддржувачка и безбедна средина.

# Холистички пристап

интервенциите се дизајнирани **не само** за да се решат **непосредните случаи на насилство**, туку и да се создадат **одржливи промени** во **училишната средина и пошироката заедница.**

# Сесија 4: Надлежности на ДПИ во справување со насилство во училиштата



# Надлежности на ДПИ при надзор *(редовен - интегрална евалуација и вонреден надзор)*

**Член 30**

... предлага до раководниот орган на ..., мерка отстранување на вработен од работно место ако врз основа на факти при вршење на надзорот утврдил дека постои основано сомнение дека наставник и други вработени во воспитно-образовниот процес сториле повреда со тоа што: (на пр.)

- наведуваат ученици, студенти за уживање на дрога или на конзумирање алкохол или на истите им продавале дрога или алкохол,
- не презема мерки за спречување на учениците и студентите од уживање на дрога, односно конзумирање алкохол, доколку знаеле за ваква појава во воспитно-образовните установи,
- вршат физичко и психичко малтретирање врз деца, ученици и студенти,
- наведуваат кон сексуална злоупотреба или сексуално злоупотребуваат ученик, студент или вработен

**Член 20**

3. Подрачје - Училишна клима и односи во училиштето

3.1. Училишна клима

3.2. Еднаквост и правичност

3.3. Партнерски однос со заедницата

3.4. Севкупна грижа за учениците

**Член 21**

Вонредниот надзор се врши врз основа на иницијатива од страна на ученици, студенти, родители, совет на родители, вработени во воспитно- образовната установа и од други граѓани.



# Извори на податоци



**Постапување по претставки**
https://dip.gov.mk/podnesi-pretstavka/
https://dip.gov.mk/transparenten-nadzor/

**МОН**
https://mon.gov.mk/category/?id=2073

**ДИЦ**

https://dic.edu.mk/%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D0%B8-%D0%BE%D0%B4-%D1%83%D1%87%D0%B8%D0%BB%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B5/

**Транспарентен надзор**
Вербално насилство од ученик

**ДПИ**
https://dip.gov.mk/integralna-evaluaczija/izveshtai-od-integralna-evaluaczija/



# Дискусија

1. Која е позицијата на ДПИ во однос на справување со насилство во училишта?
2 Што може ДПИ да направи? Како и со кого?